# ПОКАНА

Центарот за развој на Источниот плански регион во рамките на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“ кој го реализираат Министерството за локална самоуправа, Швајцарската агенција за развој и соработка и Бирото за регионален развој во соработка со Центарот за развој на Источен плански регион, започна со реализација на новиот циклус на регионални форуми.

Ни претставува посебна чест и задоволство да Ве поканиме да учествувате на втората форумска сесија која ќе се одржи на **25.12.2023 година (понеделник) со почеток од 10:30 часот во хотел „Изгрев“ во Штип.**

На првата форумска сесија учесниците имаа можност да се запознаат со форумскиот процес и да дискутираат за приоритетните проблеми поврзани со стратешките области за развој со кои се соочува планскиот регион, а од кои произлегоа проектни идеи/концепти за предлог проекти.

На **втората форумска сесија** учесниците ќе имаат можност да ги приоретизираат концептите за предлог проекти кои ќе се поднесат за аплицирање од Програмата за развој на планските региони за 2024 година со индикативно планирани средства за 2025 година.

Вашето присуство и активно учество ќе биде од особено значење и ќе придонесе за успешна реализација на регионалниот форумски процес и подобрување на животот во регионот.

Прилог: Дневен ред

Со почит,

Центар за развој на Источен плански регион